40206



# Зоран Петровски

Директорот на Музејот на современа уметност во Скопје, неодамна претстојуваше во Германија и Англија како стипендист на познатиот „Гете“ институт и Британскиот совет.

● Какви се вашите впечатоци од ова патување?

При престојот во Германија се определив за градот Диселдорф од причина што како центар на Nordrhein Westfalen околу кој гравитираат Келн, Есен, Бон, тој е град каде што ликовната уметност има посебен третман. Посебен впечаток ми остави Државниот музеј на Nordrhein Westfalen, музеј со светско реноме, кој содржи извонредна колекција на уметнички дела, пред сè од првата половина на 20 век. Би рекол, нивото на колекцијата е такво од причина што откупната политика е развиена и особено се внимава на нејзиното одржување. Така, при средбата со директорот на музејот еден од примарните принципи на соработка беше размената на информации и публикации. Притоа, како институција од посебен општествен карактер ни беше ветено дека ќе добиваме значајни информации кои можеби во еден момент ќе ни отворат можност да влеземе во деловна активност. Државниот музеј на Северна Рајна Вестфалија соработува со музеите од ваков вид во светот, што за нас е од особено значење, бидејќи ќе можеме да побаруваме проекти да се реализираат и кај нас. Исто така, при посетата на овој музеј стана збор и за конкретна соработка. Имено, во догледна иднина предвидуваме изложба на реномираната брачна двојка фотографи, Хилда и Бернд Бехер, уметнички тандем, кои пред неколку години беа на венецијанското биенале, инаку професори на многу познатата Ликовна академија во Диселдорф и практично имиња кои што се влезени во сите светски истории на фотографијата и уметноста.

Второто патување во Англија, во Лондон, беше остварено преку Британскиот совет. Имено, до него доставив програма за посета на повеќе познати лондонски музеи и галерии, со цел да се запознаам со нивната работа, структура и организација. За време на престојот од десетина дена, посетив голем број музеи и галерии, пред сè Институтот за современа уметност, светски познатите галерии „Барбикан“, „Теит“, „Вајт Чапел“, „Семпертајм“, „Водингтон“, а од уметниците: скулпторот Ричард Дикот, сликарката Фиона Реи, Стивен Вилац, Ентони Вилсон, како и продуцентската куќа и компанија на познатиот музичар Брајан Ино. Покрај овие контакти, имав средба и со вработените во таканаречениот „Art council“, кој што се грижи за презентацијата на британската уметност надвор од Англија и е организатор на сите поголеми британски претставувања во светот. Неколку од овие галерии се приватни, а останатите се државни. Практично, тие се државни институции, на ранг на музеи, и иако некои од нив немаат сопствени збирки, веќе функционираат како музеи. Со еден збор ова патување во Англија беше од извонредна значење, бидејќи, како што реков, остварив контакти кои во иднина би можеле да отворат врата за соработка. Искуствата се однесуваат на она што значи работа на музеите, успех во работата.

● Какви се нашите можности за остварување на соработка со горенаведените институции?



Ние како институција имаме предиспозиции да соработуваме на највисоко можно ниво. Сега- засега, мислам дека не сме подготвени да се вклучиме во системот на презентацијата на ликовната уметност во светот. Тоа е искуството од престојот во Германија и во Англија, а тоа е така и во Шпанија, Франција, Белгија, САД. Сите тие се поврзани и најчесто директно соработуваат и остваруваат заеднички проекти. Сето ова обезбедува еден висок стандард на презентација, за кој ние не можеме да речеме дека сме подготвени да го задоволиме. Но, од друга страна овие контакти ни отвораат врата да размислуваме како да се вклучиме во тој систем на презентацијата на ликовната уметност. Прво би требало, ако ништо друго, барем да задоволиме елементарни стандарди на презентација кои што се потребни за институции каква што е нашата и второ, обезбедувајќи ги тие стандарди, ни се нуди можност да се вклучиме во тој систем на презентација на светски реномирани имиња на ликовни уметници, групни проекти и поголеми изложби во рамките на нашата програма со еден посебен профил, а тоа би ни обезбедило доволно авторитет за да можеме да зборуваме за возвратна соработка на нашата уметност и вклучување на наши уметници во меѓународни проекти. □